**2011018415**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2011 година.

Бр. 07-849/1
10 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Член 1

Во Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2004 и 115/2007), во членот 87 став (4) бројот „15“ се заменува со зборот „осум“.

Член 2

Во членот 167 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Инспекторот, работите на инспекцискиот надзор ги врши во посебна организациона единица во рамките на Управата.“

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Инспектор може да биде лице кое покрај општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со Законот за државните службеници и Законот за инспекцискиот надзор, има завршено правен, економски, архитектонски, градежен или филозофски факултет и работно искуство во областа на заштитата на културното наследство од најмалку четири години.“

По ставот (2) кој станува став (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

“(4) Главен инспектор може да биде лице кое ги исполнува општите услови за засновање работен однос на државен службеник определени со Законот за државните службеници и Законот за инспекцискиот надзор, има завршено правен, економски, архитектонски, градежен или филозофски факултет и работно искуство во областа на заштитата на културното наследство од најмалку пет години од кои три години како инспектор.



www.pravdiko.com

(5) Директорот на Управата донесува годишна програма за работа на организационата единица за вршење на инспекциски надзор на Управата до 31 декември во тековната година за наредната година.“

Ставот (3) станува став (6).

По ставот (4) кој станува став (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Во постапката при вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Член 3

Во членот 168 став (1) точка 3 по зборот: „неправилности“ се додаваат зборовите: „во рок од најмногу 30 дена од денот на донесувањето на решението на инспекторот“.

Точката 5 се брише.

Во точката 8 сврзникот „и“ се брише и се додаваат зборовите: „во случаите утврдени во членовите 59 став (1) точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7, 63, 65 став (1) точки 2 и 3 и став (2) точка 1, 77, 92 ставови (1) и (2), 93 став (1) точки 1, 2 и 3 и став (3), 94 став (2) точки 1, 3 и 4, 95 став (3), 99 и 129 од овој закон“.

Член 4

Насловот на членот 169 и членот 169 се менуваат и гласат:

„Чување на привремено одземените предмети

Член 169

Привремено одземените предмети се чуваат во посебна просторија во Управата, определена за чување на привремено одземени предмети, која е соодветно просторно и технички обезбедена за чување на предметите.“

Член 5

Членот 170 се брише.

Член 6

Насловот на членот 171 и членот 171 се менуваат и гласат:

„Правно средство

Член 171

(1) По жалбата на решението на инспекторот одлучува посебна комисија составена од двајца членови и претседател, именувани од директорот на Управата.

(2) Претседателот на комисијата е од редот на раководните државни службеници во Управата, со звање раководител на сектор и со завршен правен, економски, архитектонски, градежен или филозофски факултет, а двајцата членови се со правен, економски, архитектонски, градежен или филозофски факултет, со звање не помало од звањето советник, кои не се вклучени во вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Комисијата одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.“

Член 7

По членот 171 се додаваат три нови члена 171-а, 171-б и 171-в, кои гласат:



www.pravdiko.com

„Координиран инспекциски надзор од страна на повеќе инспекциски служби

Член 171-а

Инспекциски надзор може да се врши истовремено од страна на повеќе инспекциски служби во следниве случаи:

- кога тоа е неопходно заради запирање на работите на градење кои се изведуваат само со издадено претходно заштитно-конзерваторско одобрение или ако изведувачот на работите постапува спротивно на издаденото конзерваторско одобрение, односно конзерваторскиот проект и

- ако тоа е неопходно заради привремено запирање на изведувањето на работите на непосредна заштита, до обезбедување на условите за нивно правилно изведување или ако изведувачот на работите не ги извршува стручните налози на комисијата, односно овластеното лице за вршење на конзерваторски надзор и ако со изведување на работите се нанесува штета или се предизвикува опасност на заштитеното добро.

Укажување со покана за едукација

Член 171-б

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот утврди дека е сторена неправилност која согласно со овој закон е пропишана како прекршок од членот 174 на овој закон, инспекторот е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за култура.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за култура, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Управата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за култура.

Квартален извештај

Член 171-в

Управата за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Управата на унифициран квартален преглед.“



www.pravdiko.com

Член 8

Во членот 172 став (1) износите „6.000 до 8.000“ се заменуваат со износите „3.000 до 4.000“.

Во точката 8 по зборот „одобрение“ се додаваат зборовите: „или ги изведува работите спротивно на издаденото конзерваторско одобрение“.

Во ставот (2) износите „1.500 до 2.000“ се заменуваат со износите „700 до 1.000“.

Во ставот (3) износите „3.000 до 4.000“ се заменуваат со износите „1.500 до „2.000“.

Во ставот (4) износите „800 до 1.000“ се заменуваат со износите „400 до 500“.

Член 9

Во членот 173 став (1) износите „4.000 до 5.000“ се заменуваат со износите „2.000 до 2.500“.

Во ставот (2) износите „1.000 до 1.500“ се заменуваат со износите „500 до 700“.

Во ставот (3) износите „1.500 до 3.000“ се заменуваат со износите „700 до 1.500“.

Член 10

Во членот 174 став (1) износот „2.000“ се заменува со износот „700“. Во ставот (2) износот „1.000“ се заменува со износот „700“.

Во ставот (3) износот „1.300“ се заменува со износот „700“.

Член 11

Во членот 174-б став (1) зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата“ се заменуваат со зборот: „Управата“.

Во ставот (2) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Управата“.

Во ставот (3) зборовите: „органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата“ се заменуваат со зборот: „Управата“.

Во ставот (8) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата“ се заменуваат со зборовите: „ директорот на Управата“.

Член 12

Во членот 174-в ставови (2) и (7) зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Управата“.

Член 13

Во членот 174-г став (2) зборовите: „Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, а инспекторот“ се заменуваат со зборот: „Инспекторот“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Инспекторот во постапката за порамнување на сторителот на прекршокот му дава платен налог.“

Ставот (5) се менува и гласи:

„Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.“

Член 14

Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Постапките за инспекциски надзор започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат според одредбите на законот кој бил во примена на денот на започнувањето на надзорот.

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 април 2011 година.



www.pravdiko.com